**Кога станува збор за Египет, луѓето прво што помислуваат се пирамидите, реката Нил и голем број на други нешта што оваа земја ја прават една од најомиленте туристички дестинации во светот. Многу мал број луѓе знае дека тука се наоѓа една од најстарите Православни заедници, а тоа се Православните Копти. Народ кој два милениума не се откажал од својата вера, и две илјади години го слави Божиќ на ист начин.**



Доколку патувате за Египет во текот на новогодишните и божиќни празници, празничната еуфорија ќе можете да ја почуствувате само во туристичките центри и локали. Тоа е така бидејќи деведесет проценти од населението во ова земја која има приближно 80 милиони жители се муслимани, од арапско потекло. Па како и сите муслимани така и Египќаните ја слават муслиманската нова година, позната уште како и Хиџра. Тоа е всушност денот кога пророкот Мухамед во седмиот век од нашата ера морал да пребега од Мека во Медина. Денот кога за муслиманите започнува новата година не може да се определи однапред, бидејќи тој ден е поврзан со лунарниот календар, според кој датумите се определуваат според движењето на месечината.

Муслиманите ја слават новата година сосема различно од Христијаните. Па така место

новата година да ја пречекаат на плоштади или во угостителските локали со пиеење и забава тие одат во Џамија на специјална молитва, при што слушаат цитати од Куранот кои се однесуваат на минливоста на животот. Тој ден, муслиманте треба да му го посветат на молитва, и да го преиспитаат својот начин на живот, поточно да размислат дали нивниот начин на живот е во согласност со она што го бара исламот.

**Во Египет 7 јануари е државен празник**

Околу десет проценти од населението во Египет се Христијани, од кои поголемиот дел се Православни, и помал број Католици. Божиќ и за православните и за католиците е многу поважен празник отколку Нова година. Први јануари и за едните и за другите е работен ден. Нова година во оваа земја не се слави како што се слави кај нас. Всушност домашното население воопшто не ја слави и дочекува новата година. Славењето на овој празник може да се види само во туристичките центри. А со оглед на тоа што Египет е една од најпосетуваните земји во светот, годинава него го посетија околу 11 милиони туристи, сосема е јасно зошто државата прави се за туристите да се почуствуваат како да се дома, и на свој начи да можат да го прослават овој празник. А тоа значи славење со музика раскошна храна и пиење.

Што се однесува до Божиќ, ситуацијата е сосема поинаква, него освен туристите го слави и домашното Христијанско население. Католиците од Египет не мора да работат на 25 декеври кога е нивниот Божиќ. Тие го слават празникот исто како и Католиците по Западна Европа и насекаде во светот. Се кити елка, а присутен е и Дедо мраз. Во предврјето на еден од 29 каирски хотели со пет ѕвезди, се наоѓа еден од најголемите направени Дедо мразевци. Направен е од околу сто килограми чоколади, бил правен 365 часа, од страна на десет вредни слаткари.

Божиќ се празнува и на 7 јануари, тој ден во Египет е прогласен за национален празник, па заедно со православните празникот го слават и нивните комшии и пријатели муслимани.

Најголемиот дел од православните се Копти, стар антички народ чиј број во Египет изнесува околу 8 милиони, а Коптската православна црква заедно со Ерусалимската се едни од најстарите христијански цркви во светот. За разлика од Католиците, Православните Копти Божиќ го прославуваат на сосем различен начин. Тие за овој ден ги украсуваат своите домови со свеќи и лампиони. Истовремено во своите домови изложуваат икони посветени на раѓањето на Исус Христос. Неговото раѓање се слави и со специјална полноќна служба во Египетските православни цркви. Децата се облекуваат во нови алишта и добиваат божиќен колач, украсен со крст, а се пече и божиќен леб, со крст и 12 точки, кои ги симболизираат 12 апостоли. Лебот се дели во текот на полноќната Божиќна литургија.

**Милан Миличевиќ**